**Известување за концентрација со која Клариос Германија Холдинг ГмбХ стекнува контрола над ЕКОБАТ Рисорсес Германија ГмбХ и Екобат Рисорсес Австрија ГмбХ (предмет бр. 08-140/2025)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на „Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), на ден 29.09.2025 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација со која Клариос Германија Холдинг ГмбХ (Clarios Germany Holding GmbH) со седиште на Ам Леинуфер 51, 30419 Хановер Германија стекнува контрола над ЕКОБАТ Рисорсес Германија ГмбХ (Ecobat Resources Germay GmbH) со седиште на Емсер Штрасе 11, 56338 Браубах, Германија и Екобат Рисорсес Австрија ГмбХ ((Ecobat Resources Austria GmbH) со седиште на Индустриештрасе 15, 9601 Арнолдштајн, Австрија.

Клариос е добавувач на автомобилски делови активен во истражувањето, развојот, производството, лиценцирањето, маркетингот и дистрибуцијата на стартер батерии за сите видови возила и примени, вклучувајќи патнички возила, камиони и други моторни примени. Клариос исто така управува со топилници и произведува секундарно олово и други споредни производи добиени во текот на процесот на топење на олово. Производството на олово од Клариос (вклучувајќи оловни легури и полипропилен) се користи исклучиво за сопствените погони за производство на батерии.

Клариос е во крајна линија под контрола на Брукфилд Корпорејшн ("Брукфилд"), глобална инвестициска фирма која управува со фондови на дискреционерен капитал на глобално ниво за инвеститори преку своите основни бизниси, вклучувајќи го и својот бизнис за управување со средства и своите оперативни бизниси фокусирани главно на обновлива енергија и транзиција, инфраструктура, приватен капитал и недвижности. Преку овие бизниси, Брукфилд инвестира во реални средства кои обезбедуваат силен принос при прифатливо ниво на ризик за своите засегнати страни. Според најдобрите сознанија Брукфилд, Клариос е единствената контролирана портфолио компанија на Брукфилд во индустријата за производство на оловно-киселински батерии.

Брукфилд (вклучувајќи ги и нејзините портфолио компании) нема зависни друштва, подружници или претставништва во Северна Македонија.

Целните друштва Екобат Германија и Екобат Австрија, моментално се дел од глобално активната Групација Екобат. Предложената трансакција е дел од напорите на Групацијата Екобат да ги продаде своите европски дејности. Спроведени се отуѓувања на италијанските и француските производствени капацитети. Целните друштва се производители на секундарно олово, како и други споредни производи добиени во текот на нивните активности за топење олово (вклучувајќи оловни легури и полипропилен). Тие опслужуваат широк спектар на индустрии и управуваат со два капацитети во Германија (лоцирани во Браубах и Фрајберг) и еден објект во Австрија (лоциран во Арнолдштајн).

Целните друштва немаат зависни друштва, филијали или претставништва во Северна Македонија, но остваруваат приходи од продажба.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на*

*заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

06.10.2025 година
Скопје